Се поканувaaт сите Акционери на ОКТА АД – Скопје на

**31-та СЕДНИЦА НА ГОДИШНОТО ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

На ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво – Скопје, што ќе се одржи во седиштето на Друштвото на ул. 1 бр. 25 во н.м. Миладиновци, 1001 Скопје,

Во Четврток, 27.05.2021 година, со почеток во 12.00 часот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Процедурален дел (Избор на претседавач и бројачи на гласови);
2. Претставување на годишната сметка, финансиските резултати за 2020 година и на ревизорскиот извештај за фискалната 2020 година и годишниот извештај за работењето во 2020 година;

2/1 Одобрување на усвоената годишна сметка, ревидираните финансиски извештаи и годишниот извештај за 2020 година;

2/2 Донесување Одлука за покривање на загубата утврдена во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи за 2020 година и

2/3 Одобрување на работата на Одборот на директори во 2020 година.

3. Донесување Одлука за одобрување на исплата на дивиденда и Одлука за утврдување на дивиденден календар.
4. Донесување одлука за назначување на овластен ревизор на годишната сметка и финансиските извештаи на ОКТА за 2021 година и
5. Одлука за избор на член на Одборот на директори

**ИНСТРУКЦИИ**

Собранието одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред.

Предлагање точки на дневниот ред и предлагање на одлуки може да се врши во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на јавниот повик, на начинот опишан во Информацијата во врска предлагање на нови точки на дневниот ред и предлагање одлуки, достапна на официјалната интернет страна на Друштвото.

Прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на собранието може да се поставуваат на начинот опишан во Информацијата во врска поставување прашања, достапна на официјалната интернет страна на Друштвото.

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието е должен да го пријави своето учество најдоцна пред почетокот на закажаната седница на Годишното Собрание на акционери (пријава за учество на собрание). СЕ ПРЕПОРАЧУВА акционерите да го пријават своето присуство на Собранието најмалку еден ден пред денот на одржување на Собранието.

Право на учество во работата и право на глас на Собранието има секој акционер лично (преку својот застапник по закон за акционер-правно лице), или од него овластено лице кое ќе го застапува на Собранието, со писмено полномошно (без обврска за заверување кај нотар), за што акционерот мора да го извести Друштвото по писмен пат веднаш, со испраќање на известување по пошта или со доставување лично во архивата на Друштвото. Образец на Известување е достапен на официјалната интернет страна на Друштвото.

Акционерот кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Обрасци на полномошното се достапни за преземање од интернет страницата на Друштвото.

Акционерот може да гласа со кореспонденција, пред денот на одржување на собранието. Пополнетиот Образец за гласање со кореспонденција мора да биде примен во Друштвото најдоцна до 26.05.2021 година во 14.00 часот. Акционерот кој гласа на овој начин се смета за присутен на собранието, односно го сочинува кворумот за работа и одлучување на собранието. Гласањето преку кореспонденција ќе се врши на начинот опишан во Информацијата во врска гласање преку кореспонденција, достапна на официјалната интернет страна на Друштвото.

**СОГЛАСНО МЕРКИТЕ НА ВЛАДАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ШИРЕЊЕТО НА КОРОНАВИРУСОТ КОВИД-19, ГИ ОХРАБРУВАМЕ СИТЕ АКЦИОНЕРИ ДА ГО ИСКОРИСТАТ СВОЕТО ПРАВО НА УЧЕСТВО И ГЛАСАЊЕ СО КОРЕСПОНДЕНЦИЈА, БЕЗ ФИЗИЧКО ПРИСУСТВО НА СОБРАНИЕТО ИЛИ ДА ГО КОНСОЛИДИРААТ СВОЕТО ПРИСУСТВО СО ОВЛАСТУВАЊЕ ЗАЕДНИЧКИ ПОЛНОМОШНИЦИ КОРИСТЕЈЌИ ГИ ОБРАСЦИТЕ ДОСТАПНИ НА ОФИЦИЈАЛНАТА ИНТЕРНЕТ СТРАНА НА ДРУШТВОТО!**

**Ги упатуваме акционерите редовно да ја посетуваат официјалната интернет страна на Друштвото, со цел да останат информирани за било какви промени на датумот, местото и други податоци поврзани со одржувањето на Собранието, а кои може да бидат предизвикани од постапки на државни органи и други релевантни институции, поврзани со пандемијата од КОВИД-19.**

Материјалите по точките од дневниот ред може да се разгледаат во Кабинетот на Главниот извршен директор секој работен ден од 12,00 до 13,00 часот од денот на објавувањето на јавниот повик и истите се објавени на официјалната интернет страница на Друштвото.

Официјалната интернет страница на Друштвото е:
www.**okta**-elpe.com

ПО ПРЕДЛОГ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ
Претседател,
г. Дионисиос Роутсис